Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2023 година

Скопје, јули 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2023 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа членовите на Владата м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Реси Абдурахмани, в.д. директор на Агенцијата за стоковни резерви.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на Записникот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година

Усвојување на Записникот од Сто и шеесетата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2023 година

Усвојување на Записникот од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2023 година

1. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2022 година

2. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за администрација)

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-268/1, КП бр.19368, КО Куманово)

4. Предлог-одлука за прогласување на Саат-кулата во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје)

6. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом-Велес)

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје)

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом Железничар - Скопје)

9. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон"-Скопје)

10. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Кратово" – Кратово

11. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со прилози и предлог-одлуки

12. Годишна сметка на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2022 година, Годишен извештај на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2022 година и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со предлог-одлуки

13. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.8432/2)

14. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2023 година

15. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.3.2023 година

16. Информација за резултатите од завршена истрага OC/2018/1177/B4 од страна на Европското биро за борба против измама ОЛАФ во врска со проект финансиран во Република Северна Македонија преку ИПА 2007-2013 во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба ТАИБ 2009, со Предлог-одлука

17. Информација за извршена истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти спроведени во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007-2013, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ски - патека и ски лифт со придружни објекти јужно до детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти, КО Миравци вон град, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат за с. Кнежино за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км. 0+000,00 - км.10+424,89 КО Кичево вон град, Општина Кичево, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андон Колев, ул.„7-ми Ноември“ бр.26, Гевгелија, со Предлог - одлука

22. Информација за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Решат Сулејмани од Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за неметали Опалит ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново-Облешево кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со прилози и Предлог-одлука

24. Информација во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар оникс увоз-извоз ДООЕЛ Скопје кон Друштвото за производство, трговија и консалтинг Електро девет увоз-извоз ДОО Прилеп, со Предлог-одлука

25. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Кристал палас, Прилеп, со Предлог - решение

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Београд, Струга, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити палас, Охрид, со Предлог – решение

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Новачани, Велес, со Предлог - решение

29. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс бр.6 на Договорот

30. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба

31. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Голд транс 2021 ДООЕЛ Тетово на локалитетот „КО Желино“, Општина Желино

32. Предлог – одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Мраморски Рид“ во атарот на с.Мраморани, Општина Долнени

33. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина–варовник на локалитетот „с.Горна Бањица“, Општина Гостивар од Друштвото за производство, градежништво, трговија, угостителство, сообраќај и услуги Империјал ДООЕЛ експорт-импорт с.Равен-Вруток на Друштвото за транспорт, трговија и услуги Магнум транс Р ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар

34. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Дамјановски и други против Северна Македонија А.бр.35700/22 и 22 други апликации

35. Информација за Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030, со Акциски план 2023-2026

36. Информација за мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите со предлог институции за 2023 година, со Акциски план

37. Информација за регулирање на употребата на факсимил за потпишување на документите

38. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ" во Република Либан

39. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/887 на Советот од 28 април 2023 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/886 на Советот од 28 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма.

40. Предлог - одлука за изменување на одлуките за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/726 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на одредени одлуки на Советот за рестриктивни мерки, со цел да се вклучат одредби за хуманитарен исклучок и согласно Регулативата (ЕУ) 2023/720 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на одредени регулативи на Советот за рестриктивни мерки, со цел да се вклучат одредби за хуманитарен исклучок

41. Предлог-решение за отповикување на Карлос Флорес Хубериас, почесен конзул на Република Северна Македонија во Кралството Шпанија, со седиште во Валенсија

42. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации од областа на културата во 2024 година

43. Информација за потребата од дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог - одлука

44. Информација за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2022 – 2026 година

45. Информација за давање одобрение за проширување на дејноста на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто"- Куманово, со Предлог-одлука

46. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (мебел)

47. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (мебел)

48. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (таблети)

49. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (таблети)

50. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (таблети)

51. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (таблети)

52. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (таблети)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци (мебел)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (мебел)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (мебел)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (таблети)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево (таблети)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (таблети)

59. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци)

60. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

61. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (I Фаза)

62. Барање за давање на автентично толкување на членот 117 став (4) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева

63. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година, со финансиско сметководствени извештаи и Извештај на независниот ревизор

64. Иницијативи за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), поднесени од Здружението на граѓани Заштита од дискриминација за давање на правна помош на дискриминирани лица од Виница и Славица Илијева од Виница, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.71/23 и У.бр.72/23

65. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд под У.бр.67/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 став (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/23)

66. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47946 за КО Карпош на КП бр. 3303/2 викано место/улица „Иво Рибар Лола"

67. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.160939 за КО Центар 2 на КП бр.390/1

68. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697 за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица „Козле 1"

69. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82150 за КО Карпош, на КП бр.3006/14 викано место/улица „Букурешка"

70. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2088, за КО Ињево на КП бр. 7173/1, викано место/улица „Ињево"

71. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 284, за КО Нов Дојран, на КП бр. 1313, викано место/улица „Нов Дојран“ и Имотен лист бр. 789, за КО Нов Дојран, на КП бр. 1313, викано место/улица „Кочо Рацин“

72. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 664, за КО Маџари, на КП бр. 2081, викано место/улица „Мамушница“

73. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96012, за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр. 4463/3, викано место/улица „Ѓ. Петров“

74. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 56283, за КО Центар 2, на КП бр.2878/2, КП бр.2881/2, КП бр.2884/21 и КП бр.2884/37, викано место/улица „Шербетница“ и Имотен лист бр. 56285, за КО Центар 2, на КП бр.2884/20, КП бр.2884/30, КП бр.2884/33, КП бр.2884/34 и КП бр.2884/35, викано место/улица „Шербетница“

75. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.3912/2012, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.45755, за КО Центар 1, на КП бр.9485

76. Кадровски прашања

77. Прашања и предлози

78. Годишен извештај 2022 на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

79. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје (Сметка за средства од Фондот 737) и Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

80. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за периодот јануари-март 2023 година, со обрасци за финансиско известување

81. Извештај за материјално финансиското работење на Јавното претпријатие „Студенчица“ – Кичево, за прв квартал на 2023 година

82. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Национални шуми“ – п.о. – Скопје, за периодот 1.1-31.3.2023 година

83. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за период од 1 јануари 2023 година до 31 март 2023 година

84. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за првиот квартал во 2023 година

85. Извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за државни патишта за периодот октомври – декември 2022 година

86. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година

87. Годишен извештај за работењето на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје во 2022 година

88. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност-ИТ ревизија „Ефективност на информацискиот систем во Управата за јавни приходи за администрирање на јавните давачки“

89. Извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2022 година

90. Информација за извршени контроли во однос на примената на важечките законски прописи и квалитетот на услугата на регистрационите агенти

91. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Основен проект Водоводна мрежа во заштитена целина Крушево во Општина Крушево“ од 12.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Крушево, со Предлог-одлука

92. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Изградба на доводен цевковод со резервоар за вода од Филтер станица Пехчево до индустриска зона Чуката, Пехчево“ од 9.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Пехчево, со прилози и Предлог-одлука

93. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Водоснабдување на с. Дренак во Општина Пробиштип“ од 3.8.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Пробиштип, со прилози и Предлог-одлука

94. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Долно Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила“ од 9.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ Тепе Акфен Инвестициона, градежно и оперативно акционерско друштво–Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Могила, со Предлог-одлука и прилози

95. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Потесен цевковод и резервоар за вода за пиење во с. Тремник во Општина Неготино“ од 9 јули 2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, Тав Тепе Акфен Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Неготино, со Предлог-одлука и прилози

96. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

97. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Изградба на водоводна мрежа кон село Топловиќ во Општина Кратово“ од 9.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Кратово, со Предлог-одлука и прилози

98. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Изградба на ул. Вршачка нас. Долно Грамаѓе, Општина Крива Паланка“ од 15.6.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ Тепе Акфен Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука и прилози

99. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Атмосферска канализација улица 3 Април“ од 12.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестициono градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и Општина Пробиштип, со прилози и Предлог-одлука

100. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Инвестиција во подобрување на терминал на Аеродром Скопје и Инвестиција во модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид“ од 30.7.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден, ТАВ ТЕПЕ АКФЕН Инвестиционо градежно и оперативно акционерско друштво – Република Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, со прилози и Предлог-одлука

101. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 29 јуни 2023 година до 5 јули 2023 година

102. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27.6.2023 година до 3.7.2023 година

103. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 27 јуни 2023 година до 3 јули 2023 година

104. Информација за давање на согласност за склучување на договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за изменување на Законот за ловството „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/23

105. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

106. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

107. Информација за донесување на одлука за распределба на средства согласно со Финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија

108. Информација за обезбедување на дополнителни средства за дореализација на проектот „Водоснабдување на Делчево“

109. Информација за продолжување на рокот за имплементација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и обезбедување на финансиски средства

110. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

111. Информација за обезбедени грант средства за консултантски и инженерски услуги за системот за одведување и третман на отпадни води за Охридско Езеро, со текст на Договор

112. Информација за Сто осумдесет и петтата седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун – Скопје – Вардакс АД, закажана за 12 јули 2023 година

113. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ–Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

114. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи

115. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи

116. Информација во врска со реалните проблеми околу импементацијата на постапката за отуѓување на Туристичката развојна зона „Сарај-Езеро Треска“

117. Информација за прогресот и активностите поврзани со проектот „Замена на времени објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом-Скопје“, со прилози

118. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (*), по скратена постапка

119. Предлог на закон за данокот на солидарност (*), по скратена постапка

120. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (*), по скратена постапка

*

*　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година, Записникот од Сто и шеесетата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2023 година и Записникот од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 јули 2023 година.

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2022 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за администрација).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-268/1, КП бр.19368, КО Куманово).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Саат-кулата во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Здравствен дом-Велес).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом Железничар - Скопје).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“-Скопје).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Кратово“ – Кратово.

**Точка 11**

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со прилози и предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за 2022 година.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје во 2022 година.

**Точка 12**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2022 година, Годишниот извештај на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2022 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за годината која завршува на 31 декември 2022 година, со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2022 година на ЈПВ Лисиче-Велес.

Истовремено, се задолжува Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 60 дена да изнајде соодветен начин за постапување по однос на Мислењето на независниот ревизор.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.8432/2).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2023 година и ја донесе Програмата, со заклучок Министерството за внатрешни работи да го достави новото мислење по истата.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.3.2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват акциски план по дадениот Образец со статус, заклучно со 30.6.2023 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии, најдоцна до 20.7.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на добиените акциски планови од институциите, наведени во заклучокот бр.1, да подготви информација и до 10.8.2023 година да ја достави до Владата.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за резултатите од завршена истрага OC/2018/1177/B4 од страна на Европското биро за борба против измама ОЛАФ во врска со проект финансиран во Република Северна Македонија преку ИПА 2007-2013 во рамките на Програмата за помош при транзиција и институционална надградба ТАИБ 2009, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, за да се реализира поврат на средства кон Европската комисија од страна на Министерството за финансии врз основа на добиеното барање за поврат во врска со спроведена истрага од ОЛАФ (OC/2018/1177/B4) со која се утврдени нерегуларности.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за извршена истрага од страна на Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) во врска со проекти спроведени во Република Северна Македонија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2007-2013, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, за да се реализира поврат на средства кон Европската комисија од страна на Министерството за финансии врз основа на добиеното барање за поврат во врска со извештајот од ОЛАФ кај кои се утврдени нерегуларности.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ски-патека и ски-лифт со придружни објекти јужно до Детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на ски-патека и ски-лифт со придружни објекти јужно до Детско одморалиште Михајлово, КО Конопиште, Општина Кавадарци.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти, КО Миравци вон град, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти, КО Миравци вон град, Општина Гевгелија.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат за с. Кнежино за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км. 0+000,00 - км.10+424,89 КО Кичево вон град, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за девијација на локален пат за с. Кнежино за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 – км 10+424,89 КО Кичево вон град, Општина Кичево.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Андон Колев, ул.„7-ми Ноември“ бр.26, Гевгелија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 22**

Владата ја рагледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Решат Сулејмани од Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за неметали Опалит ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново-Облешево кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со прилози и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за неметали Опалит ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново-Облешево кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да потпише Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – опалска бреча на локалитетот „с. Спанчево“, Општина Чешиново-Облешево бр.24-5653/1 од 13.11.2014 година во рок од 60 дена по добиено известување до Министерството за економија за извршена статусна промена во Централен регистар на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар оникс увоз-извоз ДООЕЛ Скопје кон Друштвото за производство, трговија и консалтинг Електро девет увоз-извоз ДОО Прилеп, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги Мар оникс увоз-извоз ДООЕЛ Скопје кон Друштвото за производство, трговија и консалтинг Електро девет увоз-извоз ДОО Прилеп.

2. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да потпише Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-оникс и травертин на локалитетот „Рамна Шума", с.Беишиште, Општина Прилеп бр.24-941/4 од 6.6.2013 година, во рок од 60 дена по добиено известување до Министерството за економија за извршена статусна промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Кристал палас, Прилеп, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Београд, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Сити палас, Охрид, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект хотел Сити Палас, Охрид, (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од мотел Новачани, Велес, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за мотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс бр.6 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со бр. 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 24.12.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 22.2.2024 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гази Баба.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Голд транс 2021 ДООЕЛ Тетово на локалитетот „КО Желино“, Општина Желино.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин КГ ДОО увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Мраморски Рид“ во атарот на с.Мраморани, Општина Долнени.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина–варовник на локалитетот „с.Горна Бањица", Општина Гостивар од Друштвото за производство, градежништво, трговија, угостителство, сообраќај и услуги Империјал ДООЕЛ експорт-импорт с.Равен-Вруток на Друштвото за транспорт, трговија и услуги Магнум транс Р ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Дамјановски и други против Северна Македонија А.бр.35700/22 и 22 други апликации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Дамјановски и други против Северна Македонија А.бр.35700/22 и 22 други апликации (како во табелата во прилог и составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 422 апликанти од предметите Дамјановски и други против Северна Македонија А.бр.35700/22 и 22 други апликации, ќе им исплати вкупен износ од 322.250 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант ќе го исплати соодветно износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Дамјановски и други против Северна Македонија А.бр.35700/22 и 22 други апликации, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030, со Акциски план 2023-2026 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, со Акциски план 2023-2026.

2. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за статистика, Инспекцискиот совет, Министерството за информатичко општество и администрација - Државен Управен инспекторат, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Секретаријатот за законодавство, а им се укажува на Агенцијата за администрација, Државната комисија за спречување на корупцијата, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за заштита на личните податоци, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија кои се вклучени во спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, соодветно по години, да ги планираат активностите во кои се носители и/или учесници во стратешките планови на своите институции, како и навремено да ги обезбедат потребните ресурси (човечки, материјални и технички) за нивна имплементација и да ги планираат потребните финансиски средства во своите буџети за соодветните фискални години.

3. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за статистика, Инспекцискиот совет, Министерството за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Секретаријатот за законодавство, а им се укажува на Агенцијата за администрација, Државната комисија за спречување на корупцијата, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за заштита на личните податоци, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да назначат координатори (контакт-лица) за реформа за јавна администрација кои ќе соработуваат и ќе се координираат со структурите во своите организации и во соодветниот ресор, како и со Организационата единица за реформа на јавната администрација во Министерството за информатичко општество и администрација и за истото да го информираат Министерство за информатичко општество и администрација.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за информатичко општество и администрација да го има предвид укажувањето изнесено на седницата на Владата од страна на министерот за финансии, во насока на усогласување на разликата во потребните и обезбедените финансиски средства за 2023 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите со предлог институции за 2023 година, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за мерење на квалитет, согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите со предлог институции за 2023 година.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од десет дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достави номинација на членови за Комисија за оценувањето, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата до крајот на ноември 2023 година.

3. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за здравство, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина, Министерството за транспорт и врски - Државен комунален инспекторат, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за правда - Управа за водење на матични книги, Агенцијата за млади и спорт, а им се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи-Тетово, да номинираат одговорно лице кое ќе го координира процесот на пополнување на прашалникот за евалуација во рамките на својата институција и номинациите да ги достават до Министерството за информатичко општество и администрација.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до крајот на јули 2023 година, да го дистрибуира прашалникот за евалуација до Министерството за здравство, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина, Министерството за транспорт и врски - Државен комунален инспекторат, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за правда - Управа за водење на матични книги, Агенцијата за млади и спорт, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи-Тетово.

## Точка 37

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за регулирање на употребата на факсимил за потпишување на документите.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлогот на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“ во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/887 на Советот од 28 април 2023 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/886 на Советот од 28 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на одлуките за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/726 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на одредени одлуки на Советот за рестриктивни мерки, со цел да се вклучат одредби за хуманитарен исклучок и согласно Регулативата (ЕУ) 2023/720 на Советот од 31 март 2023 година за изменување на одредени регулативи на Советот за рестриктивни мерки, со цел да се вклучат одредби за хуманитарен исклучок.

**Точка 41**

Владата го донесе Решението за отповикување на Карлос Флорес Хубериас, почесен конзул на Република Северна Македонија во Кралството Шпанија, со седиште во Валенсија.

**Точка 42**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации од областа на културата во 2024 година.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2022 – 2026 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје и Центар за стручно образование и обука – Скопје, до крајот на јули 2023 година да ги доставаат податоците, наведени во точката 3 од Работниот план за преглед на занимања 2022-2026 година, за претходната година.

2. Се задолжува Министерството на труд и социјална политика во март 2024 година да ја извести Владата за текот на имплементацијата на Работниот план за преглед на занимања 2022–2026 година.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение за проширување на дејноста на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто"- Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за проширување на дејноста на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“- Куманово.

**Точка 46**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Крсте Петков Мисирков“, Радовиш).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Радовиш).

**Точка 47**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ООУ „26 Јули“ Шуто Оризари-Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ООУ „Браќа Рамиз-Хамид“ ц.о. Скопје).

**Точка 48**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (таблети, за потребите на ОУ „Гоце Делчев", Могила).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Могила (таблет, за потребите на ОУ „Кочо Рацин", с. Ивањевци, Могила).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (таблети, за потребите на ОУ „Браќа Миладиновци", с.Добрушево, Могила).

**Точка 49**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк", с.Пласница, Пласница).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (за потребите на ООУ „Јунус Емре", с.Лисичани, Пласница).

**Точка 50**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Братство-единство", с.Средно Коњари).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Кочо Рацин", Петровец).

**Точка 51**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на ООУ „Гоце Делчев", Неготино).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур", Неготино).

**Точка 52**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (за потребите на ООУ „Хајан Селмани“, с.Ростуше).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (за потребите на ОУ „Блаже Конески“ Ц.О., с.Скудриње).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (за потребите на ООУ „Денче Дејановски“, Маврови Анови).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито“, с.Жировница).

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци (за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“, Новаци).

**Точка 54**

Владата ја  донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (за потребите на ООУ „Мануш Турновски“, Ново Село).

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (за потребите на ООУ „Христијан Карпош“, с.Младо Нагоричане, Старо Нагоричане).

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (за потребите на ООУ „Мануш Турновски“, Ново Село).

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево (за потребите на ООУ „Ванчо Китанов“, Пехчево).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, Пробиштип).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци).

**Точка 60**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно предложениот закон предвидено е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до 15 јули во тековната година да објави производна цена за најмалку две најзастапени сорти на грозје и уредена е постапка на кој начин се утврдува производната цена.

За утврдување на производна цена за најмалку две најзастапени сорти на грозје согласно предложениот закон, потребно е претходно да се донесе методологија за пресметка и да се спроведе постапка за избор на научна установа која би ја пресметала производната цена, кои процеси би требало да обезбедат транспарентност, објективност и доверба од сите засегнати страни за објавената цена.

Имајќи предвид дека со преодна одредба од предложениот закон се предлага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до 1 август во тековната година да објави производна цена за најмалку две најзастапени сорти на винско грозје врз основа на критериуми наведени во преодната одредба и по претходно склучен договор со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Институт за винарство, Владата на Република Северна Македонија смета дека предвидените кратки рокови и начинот на утврдување на цената нема да обезбедат доволна транспарентност, објективност и доверба во така објавените цени, што може негативно да влијае на откупот на овогодишната реколта на винско грозје.

Од наведената причина, Владата на Република Северна Македонија смета дека предложениот закон треба да се поддржи, доколку од Законот се изостави членот 4, а Законот отпочне да се применува од 1 јануари 2024 година.

## Точка 61

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (I Фаза), нема забелешки и дава позитивно мислење по истата.

## Точка 62

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 117 став (4) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева и притоа го утврди следното мислење:

Во Барањето се наведува дека група работници се оневозможени да ги остварат своите права согласно наведениот, член поради неконзистентна и различна примена и толкување на Законот, од страна на судовите, кога работникот не работи цела година кај истиот работодавач.

Членот 117 од Законот за работни односи се однесува на прекувремената работа. Се состои од неколку одредби кои ги регулираат околностите под кои може да се бара од работникот да работи прекувремена работа, ограничувањата на времетраењето на прекувремената работа и правата и обврските и на работодавачот и на работникот.

Притоа, во ставот (4) се вели дека на работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач, во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката.

Оваа одредба ја препознава посветеноста на вработените кои постојано работат надвор од нивните редовни часови и има за цел да ги награди за нивните дополнителни напори. Со обезбедување на финансиски надоместок надвор од нормалната плата, законодавецот се обидува да го признае придонесот на вработениот во организацијата и неговата посветеност на нивните должности.

Одредбата во членот 117, став (4) воспоставува можност за добивање на бонус, при исполнување на одредени услови (работниците работеле над 150 часа подолго од полното работно време и не отсуствувале од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, не вклучувајќи го годишниот одмор). Притоа, фактот дека работниците не работеле една година е ирелевантен доколку предвидените услови се исполнети и за пократко време од една година, а во меѓувреме работниот однос престанал.

Овој пристап се вклопува во намерата на законодавецот да ги заштити работниците и да ги почитува нивните права и справедливи услови на работа. Оттука, горенаведените одредби од Законот јасно утврдуваат кога работникот кој работи прекувремена работа покрај додатокот на плата го добива и бонусот и под кои околности.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 117 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен и поради тоа му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година, со финансиско сметководствени извештаи и Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 13 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/19 и бр.48/20), Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско - сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година, а според став (5) од овој член извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.

Според став (6) од истиот закон, извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со Извештајот од независен ревизор.

Во прилог на материјалот е Одлуката донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата со која се усвојува Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.

Согласно наведеното во Извештајот за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година, дел 1.2 Извештај за останата сеопфатна добивка-Биланс на успех, за период од 1.1.2022 година заклучно со 31.12.2022 година (по групи на сметки), во 2022 година Агенцијата за цивилно воздухопловство, остварила вкупни приходи во износ од 252.434.231 денари, вкупни расходи во износ од 188.080.543 денари и финансиски резултат (добивка пред оданочување) во износ од 64.353.688 денари.

Согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја прикажуваат веродостојно и објективно, во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство, на 31 декември 2022 година, како и неговата финансиска успешност и парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Северна Македонија, со нагласување на прашањето поврзано со евиденција на основачкиот капитал на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Имајќи предвид дека материјалот е во функција на обврската утврдена во Законот за воздухопловство, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на истиот, а во однос на дадените забелешки од страна на независниот ревизор, потребно е Агенцијата за цивилно воздухопловство да извести за активностите кои се преземаат за постапување по истите.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ги разгледа иницијативите за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), поднесени од Здружението на граѓани Заштита од дискриминација за давање на правна помош на дискриминирани лица од Виница и Славица Илијева од Виница, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.71/23 и У.бр.72/23 и притоа го утврди следното мислење:

Заедничко за двете иницијативи е што подносителите сметаат дека постоечкиот член 11 од Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија е противуставен и при пресметката на платата и другите надоместоци на вработените во јавниот сектор и вработените во една иста институција воспоставува дискриминација во однос на избраните и именуваните лица. Имено, формулацијата од оспорениот член која вели дека основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика, според подносителите, се разликува од основицата на плата во посебните закони како Законот за судска служба, Законот за јавно обвинителска служба, Законот за заштита на децата и други закони, кои како основна компонента на платата ја предвидуваат минималната плата. Токму ова, сметаат тие, доведува одредена категорија на лица, иако вработени во јавниот сектор или во иста институција со останатите работници да бидат во привилегирана состојба и дека постои состојба на нееднаквост на граѓаните во однос на нивните права. Притоа, сметаат подносителите, се повредува членот 8 алинеи 1 и 3, членот 9 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 алинеи 1 и 3, меѓу другите, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Членот 9 од Уставот предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 51 се гарантира дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), во членот 105, следејќи го наративот на членот 32 од Уставот, предвидува дека работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.

Понатаму, членот 106 став (1) од истиот закон, вели дека основната плата се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување.

Во членот 1 од Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, право на плата во месечен износ за вршење на функцијата имаат Претседателот на Република Македонија, функционерите избрани од редот на пратениците, функционерите и лицата кои ги избира или кои ги именува Собранието, функционерите кои ги именува Претседателот на Република Македонија и кои ги именува Владата на Република Македонија. Право на плата во месечен износ за вршење на работите и задачите имаат раководните работници кои ги назначува Претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, надлежното тело на Собранието и Владата.

Во главата III. од истиот закон, под наслов Обезбедување и распределба на средства за плата, во членот 8 е предвидено дека средствата за платите на функционерите се обезбедуваат зависно од општественото значење и вредноста на работите и задачите што ги вршат и од сложеноста, обемот и вкупниот придонес што функционерот со својот труд го дава во остварувањето на правата и должностите на органот во кој ја врши функцијата. Средствата за плати на раководните работници во Собранието се обезбедуваат зависно од вредноста на работите и задачите што ги вршат и од вкупниот придонес што раководниот работник со својот труд го дава во остварувањето на работите и задачите од делокругот на Собранието.

Понатаму, член 10 предвидува дека платата на функционер и на раководен работник се утврдува на начин што основицата за пресметување на платите се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство. Работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ се зголемува за процентот утврден за работното искуство од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Со членот 11 пак, од истиот закон, се уредува дека основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Имајќи ги предвид цитираните одредби, јасно е дека намерата на законодавецот била да постои посебен закон, (Lex specialis), кој како предмет на уредување ќе ги има платите и надоместоците на една посебна категорија на лица, како што се избраните и именуваните лица. Следствено, ова претпоставува и поинакво уредување на пресметката на платата и надоместоците кај избраните и именуваните лица, односно функционерите и раководните работници, кои, согласно Законот, зависат од општественото значење и вредноста на работите и задачите што ги вршат и од сложеноста, обемот и вкупниот придонес што со својот труд го даваат во остварувањето на правата и должностите на органот во кој ја вршат функцијата. Ваквата потреба доаѓа оттаму што честопати, функционерите или раководните лица треба да имаат експертиза и искуство во одредена област, за да можат да ја извршуваат функцијата и истовремено истата да ја посветат на јавниот сектор, а не на приватниот каде би можеле да бидат и повисоко платени. Платата треба да биде доволно висока за да ги одвраќа од коруптивни дејствија, а и да одговара на предизвиците со коишто се соочуваат при донесувањето на одлуки, кои честопати се однесуваат на целото општество. Во оваа смисла, не станува збор за воспоставување на привилегирана положба на функционерите и раководните лица во однос на останатите вработени во јавниот сектор, туку за потреба од препознавање, а потоа и наградување, односно плаќање на работа чијашто вредност, не секогаш е мерлива.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорениот член е во согласност со член 8 алинеи 1 и 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати иницијативите за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 11 од Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18).

**Точка 65**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд под У.бр.67/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 став (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23) и притоа го утврди следново мислење:

Наводите во Инцијативата дека, не постои доволна оправданост содржана во целината на оспорената одредба од член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/23), а ниту пак од Законот за ловство како целина, затоа што би се поништиле започнатите постапки за доделување на концесија на дивеч во ловиштата пред влегување во сила на овој закон, понатаму, во Иницијативата се наведува дека треба да се има во предвид членот 34 став (1) од Законот за ловство кој при доделување на концесија, упатува на примена и на одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, особено одредбите за поништување на постапката, согласно член 38 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Исто така, во Иницијативата за оспорување на членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/23) стои дека со истиот не се пропишува надлежност за тоа кој би ја носел одлуката за поништување на постапката.

Во материјалите од Предлогот на закон, во воведниот дел точка I. Оценка на состојбите во областа што треба да се уреди со Законот и причини за донесување на Законот, стои дека:

Со Законот за ловството е уредена постапка за електронска аукција за доделување на дивечот на користење по пат на концесија. Од досегашната примена на оваа постапка се увидоа слабости кои овозможуваат учество во постапката на лица кои имаат шпекулативни намери и ја намалуваат ефикасноста на постапката преку наддавања со неразумни износи, кои дополнително го проблематизираат склучувањето на договорите за концесија. Со предложените измени се предвидува во иднина доделувањето на дивечот под концесија да биде врз основа на највисок понуден износ во писмена понуда што би ја отстранила увидената слабост на постојниот закон.

Видно од претходно изнесеното, подносителот на Иницијативата правилно ја проценил ситуацијата во делот од постапката за доделување на дивечот во ловиштата под концесија каде се посочува дека дел од учесниците во наддавањето со електронската аукција вршат злоупотреба на системот со очигледни шпекулативни намери, а со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство, како што е наведено во точка II. Цели, начела и основни решенија:

Со предложените измени се очекува зголемување на правната сигурност на учесниците во постапките за давање под концесија на дивечот и зголемување на ефикасноста на постапката.

Постапката за доделување на дивеч под концесија подразбира преземање на повеќе дејствија, опишано како следи: За донесување на одлука за започнување на постапка од страна на Владата соодветно првично се доставува информација за донесување на одлука за започнување на постапката, по донесената одлука која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", се пристапува кон втора информација на која и претходи номинирање на членови на комисијата за спроведување и тоа: од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по што повторно следува владина процедура која резултира со носење на решение за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на дивечот во ловиштата под концесија. По формирањето, Комисијата ја спрема тендерската документација и јавниот повик и повторно, се доставува информација до Владата и се бара согласност за истите и по добивањето на согласност, јавниот повик се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и во дневен печат. До објавувањето на јавниот повик во јавност може да се смета дека еден дел од постапката е завршен и истата продолжува со дејствија предвидени со Законот за ловство и Законот за концесии, се до конечно донесување на одлуките за доделување на дивеч во ловиштата под концесија.

Предлагачот на Иницијативата немал предвид дека со член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.91/23) се бришат член 36-а став (6), став (7), член 36-б и член 36-в, членови кои се однесуваат на електронската аукција која претставува дел од секоја постапка за давање на дивечот под концесија. Поради бришењето од постапката на електронската аукција, станува јасна оправданоста на одредбата од членот 5.

Наводот во Иницијативата дека за поништување на започната постапка се применува член 38 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство е без основ затоа што во конкретниот случај се работи за бришење на електронската аукција, која воопшто не е предвидена со членот 38 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, па оттука неопходно се јавува потреба истото да се изврши како што е наведено во конкретниот член од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/23).

Во однос на наводот дека не се пропишува надлежност за тоа кој би ја носел одлуката за поништување на постапката, едноставно нема потреба од причина што ова дејствие го прави самиот закон бидејќи се однесува на постапки кои во моментот се затекнати и се наоѓаат во некоја фаза од постапката, односно дејствието е еднократно.

Подносителот на Иницијативата дава забелешка и на ставот (3) од членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23) наведувајќи дека не е јасна оправданоста зошто доколку договорот за концесија истекол во текот на 2022 и 2023 година или истекува во 2023 година би се продолжил во постапка и на начин пропишани со ставот (4) од членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23).

Во однос на овој навод, согласно член 2 од Законот за ловство: „Дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес за Република Северна Македонија ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој закон и Законот за заштита на природата“.

Водејќи сметка, во период од стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство до повторно покренување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата под концесија и имајќи предвид дека за реализација на целокупната постапка е потребно време од повеќе од шест месеци, а со цел дивечот во ловиштата да остане под контрола и заштита, како и да се има можност да се спроведат неопходните одгледувачки и заштитни мерки во ловиштата, а се во интерес на дивечот, неопходно е да останат под ингеренции на дотогашните концесионери. Од изнесеното се гледа оправданоста на наведената одредба. Исто така, доколку ловиштата би останале без концесионер, ловочуварската служба организирана од концесионерот би престанала со извршување на своите обврски за чување на дивечот со што директно би се изложил дивечот на ловокрадци и би се загрозил неговиот опстанок.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорениот член 5 став (1) и (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за ловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/23) е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47946 за КО Карпош на КП бр. 3303/2 викано место/улица „Иво Рибар Лола“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.160939 за КО Центар 2 на КП бр.390/1 и по истата го усвои негативното Мислење од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје, како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697 за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица „Козле 1“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82150 за КО Карпош, на КП бр.3006/14 викано место/улица „Букурешка“ и по Понудата, го прифати Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2088, за КО Ињево на КП бр. 7173/1, викано место/улица „Ињево“ и по истата го усвои негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 284, за КО Нов Дојран, на КП бр. 1313, викано место/улица „Нов Дојран“ и Имотен лист бр. 789, за КО Нов Дојран, на КП бр. 1313, викано место/улица „Кочо Рацин“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 664, за КО Маџари, на КП бр. 2081, викано место/улица „Мамушница“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 96012, за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион, на КП бр. 4463/3, викано место/улица „Ѓ. Петров“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 56283, за КО Центар 2, на КП бр.2878/2, КП бр.2881/2, КП бр.2884/21 и КП бр.2884/37, викано место/улица „Шербетница“ и Имотен лист бр. 56285, за КО Центар 2, на КП бр.2884/20, КП бр.2884/30, КП бр.2884/33, КП бр.2884/34 и КП бр.2884/35, викано место/улица „Шербетница“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.3912/2012, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.45755, за КО Центар 1, на КП бр.9485 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата за вршители на должност членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ - Пробиштип, ги именува:
- Киро Кировски,
- Марија Андонова-Стоименова,
- Ленче Рунтева,
- Кристина Стојанова и
- Марија Петковска.

**<u>Точка 77</u>**

**1**. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ–Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-5791/1 од 5 јули 2022 година.

**2**. Владата ја одложи од разгледување Информацијата за состојбата со очекуваното производство и планираниот откуп на пченица од род 2023 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, што ќе се одржи на 12 јули 2023 година (среда), поради потребата од дополнителни усогласувања со Агенцијата за стоковни резерви и Бирото за јавни набавки.

**<u>Точка 78</u>**

